Врз основа на член 17 став 2, алинеја 4, а во врска со член 18, став 6 од Законот за телекомуникациите ("Службен весник на РМ" бр. 33/96, 17/98 и 28/2000), министерот за транспорт и врски донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ИСПИТУВАЊА И МЕРЕЊА НА КАБЕЛСКА МРЕЖА ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува висината на надоместокот за извршување на испитувања и мерења на кабелска мрежа за дистрибуција на радио и телевизиски програми, што го врши Управата за телекомуникации.

Член 2

Надоместокот за извршување на испитувања и мерења на кабелска мрежа за дистрибуција на радио и телевизиски програми, се пресметува во противвредност во ДЕН, по средниот курс на Народна банка на РМ на денот на уплатата и тоа:

- за главна станица..................................... 1.000 ДЕМ,
- за секој дистрибутивен јазел..................... 150 ДЕМ.

Член 3

Надоместокот утврден во член 2 од овој правилник, се уплаќа на жиро сметката на Управата за телекомуникации-Скопје, бр. 40100-787-2297 ЕДБ 4030998401098 и повикувачки број 724 139-110, пред извршување на испитувањата и мерењата.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-12326/1
16 ноември 2001 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Љупчо Балкоски,** с.р.